# МЕСЕЧНИК

## за криминалот од омраза

**АПРИЛ 2020**

Кривичните дела мотивирани од нетолеранција, односно предрасуди кон одредена група во општеството се опишува како криминал од омраза. За неговото постоење мора да бидат исполнети два услова: делото мора да е предвидено во кривичното право и сторувањето мора да е мотивирано од некоја предрасуда. Мисијата на ОБСЕ во Скопје го поддржува Хелсиншкиот комитет при регистрацијата и мапирањето на делата од омраза. Овој месечник обезбедува прикажување на сите регистрирани инциденти во текот на еден месец.

## ИНЦИДЕНТИ

**Предизвикани од омраза овој месец** **10**

## РЕАКЦИИ

**0** **Реакции овој месец**

### ВИД НА ИНЦИДЕНТ

| | | |
|---|---|---|
| 0 оштетување на имот | 1 уништување на симболи | 0 телесна повреда |
| 3 разбојништво | 0 предизвикување на општа опасност | 3 насилство |
| 1 сериозна закана | 2 загрозување на сигурноста | 0 предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост |

### ВИД НА РЕАКЦИЈА - ОСУДА

| | | |
|---|---|---|
| 0 од функционер | 0 религиски водач | 0 граѓанско здружение |
| 0 протест | 0 отстранување последица | 0 друго |

### ВО АПРИЛ 2020 ГОДИНА

**4 : 6**

верификувани : неверификувани

### КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖРТВАТА:

| етничка припадност | верска припадност | политичка припадност | сексуална ориентација | друго |
|---|---|---|---|---|
| 50.0% | 10.0% | 20.0% | 0.0% | 20.0% |

**Вкупен број на инциденти во 2020 година: 35**

| ЈАН | ФЕВ | МАР | АПР | МАЈ | ЈУН | ЈУЛ | АВГ | СЕП | ОКТ | НОЕ | ДЕК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 10 | 7 | 10 | - | - | - | - | - | - | - | - |




### ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР

| | |
|---|---|
| откриени сторители | 7 |
| кривични пријави | 4 |
| прекршочни пријави | 0 |
| тековни судења | 0 |

### ИНЦИДЕНТИ СПОРЕД ЛОКАЦИЈАТА

Скопје - **6**
Куманово - **3**
Прилеп - **1**




### Издвоен инцидент

Во месец Април се регистрирани 10 инциденти од омраза, од кои во најголем дел индикаторите упатуваат дека се сторени поради етничката припадност на жртвата (5). Овој месец се регистрирани два (2) инциденти сторени поради политичката припадност на жртвата, што упатува на трендот од претходните години на пораст на овој тип на инциденти за време на секој изборен процес.

„Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР до Основното Јавно обвинителство—Скопје поднесе кривична пријава против Б. Т. (68) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела "загрозување на сигурноста" предвидено и казниво по чл.144 ст. 4 и „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" предвидено и казниво по чл. 394-г од КЗ. Имено пријавениот преку социјалната мрежа Фејсбук на 13.04.2020 објавил статус со навредлива и заканувачка содржина кон претседател на политичка партија.

На 28.04.2020 Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР на РСМ, поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело „Загрозување на сигурноста" по чл.144 ст.4 поднесе кривична пријава против С. М. (45) од Скопје. Пријавениот, на својот профил на социјалната мрежа Facebook на 24.04.2020 во 09:25 часот насочена кон владин функционер."

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe OSCE Mission to Skopje

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА

zlostorstvaodomraza.mk
helkom@mhc.org.mk
++389 (0)2 3119 073